ЗНМ И СИНДИКАТОТ ПОВИКАА НА СОЛИДАРНОСТ СО КОЛЕГИТЕ ОД „УТРИНСКИ ВЕСНИК“

пред 16 дена пред 271 Прегледи

Ми се допаѓа На 7 луѓе им се допаѓа ова. Биди прв од твоите пријатели.

Ниту еден вработен не смее да биде отпуштен, Утрински весник мора да се печати, а менаџментот нека мисли како – ова е заедничкиот став на вработените во споменот дневен весник, на чија главна и одговорна уредничка и’ бил поставен ултиматум, или десет новинари новинари да бидат отпуштени или весникот да престане да излегува.

Новинарите денеска добија поддршка од Здружението на новинари на Македонија, Синдикатот на новинари и други медиумски организации кои на прес конференција ги повикаа читателите на еден вид јавен отпор за случувањата во овој печатен медиум. Според нив, финансиската ситуација во компанијата, издавач на весникот, не е одговорност или вина на новинарите, туку на менаџерскиот тим, нивните лоши одлуки и поврзаноста со власта.

„Ние сме цврсто уверени и истакнуваме дека актуелната лоша економска состојба во компанијата и намалените тиражи на весниците најмногу се последица на слугинскиот однос на сопствениците на медиумите кон власта. Таквиот однос продуцира лоши деловни одлуки, меѓу другото и поставување *пожелни* главни уредници, мешање во уредувачката политика и, на крај, производ – весник кој не е интересен за публиката. Затоа паѓаат тиражите. Затоа што сопствениците, за да бидат ценети кај властите, се дрзнуваат да запираат затворен весник во печатница и да менуваат насловни страници или, пак, да менуваат цели уредувачки тимови во тиражно успешни весници и за шест месеци да ги сведат тие весници на безвреден и неинтересен медиумски производ“, истакна претседателката на ССНМ, Тамара Чаусидис.

Почитувани Канал 77 користи колачиња (т.н cookies) за подобрување на нашите сервиси. Доколку се согласувате кликнете СЕ СОГЛАСУВАМ. СЕ СОГЛАСУВАМ

Претседателот на ЗНМ, Насер Селмани смета дека новинарите во Македонија и на медиумскиот пазар се соочува со истите проблеми веќе 25 години.

Новинарот Љубиша Станковиќ информираше дека четири дена пред последната, како што кажа тој, непристојна понуда за „Утрински весник“, од раководството на синдикалните претставници новинарите биле уверувани дека нема да има отпуштања ниту намалувања на плати.

„Неодамна се сретнавме со Срѓан Керим и тој ни најави дека платите нема да доцнат и дека ќе стигаат еднаш во месецот. Неколку дена подоцна, поточно вчера, бевме известени дека компанијата работи со загуба од 1.800.000 денари и дека поради тоа ќе бидат отпуштени 10 вработени“, додаде Станковиќ.

Вработените во „Утрински весник“ денеска се во очекување дали ќе се донесе одлука за отпуштање или за целосно затворање на весникот, додека пак вработените од „Вест“ кои по менување на уредништвото, кога на чело на весникот застана Горан Петрески беа избркани, утрово ја окупираа канцеларијата на Срѓан Керим затоа што биле прогласени за технолошки вишок, но не им се исплаќаат парите.

Кораб доделува подароци
Регистрирајте и осигуретего вашето возило и добијте подарок

Стобирај и вози! Учествувајте и добијте награда!
Собери 5 кесички од кој било вкус и грамажа од Стоби

Проект „Жртви на транзицијата“ во новата програма на ВМРО-ДПМНЕ

Програма на ВМРО-ДПМНЕ 2017-2020
Реално! - Програма на ВМРО-ДПМНЕ 2017-2020

За посилна имуна заштита кај децата!
Природен производ кој содржи активен имунокомплекс

Каде би можеле да Ви помогнеме?
Ние сме како дома на Вашите пазари во светот.

KEEP AN EYE powered by MediaSolutions

Додади коментар

0 коментари Сортирај по: **Најнови**

Додај коментар...

Facebook Comments Plugin

Share this:

Почитувани Канал 77 користи колачиња (т.н cookies) за подобрување на нашите сервиси. Доколку се согласувате кликнете СЕ СОГЛАСУВАМ. СЕ СОГЛАСУВАМ